# Ново срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година V. бр. 167. Дата: 11. 03. 2013.

## Приказната за сејачот



Околу Исус се насобра многу народ. Кај Него дојдоа жители од сите градови. Тогаш Тој им ја раскажа следнава споредба: „Еден сејач излезе да сее семе. Сеејќи така, еден дел од семето падна покрај патот, на **тврда почва**, каде што беше изгазено и исколвано од птиците. Друг дел од семето падна на **каменеста почва**, но штом про’рти, веднаш се исуши, бидејќи во плитката почва немаше доволно влага. Трет дел од семето падна меѓу **трње**. Кога пораснаа трњето - ги задушија стебленцата. Конечно, дел од семето падна на **плодна почва**, изникна и донесе стократен плод.“ По ова, Исус гласно заклучи: „Ако имате уши, слушајте внимателно!“ **(Лука 8:4-10)**

Кога учениците Го прашаа Исуса за значењето на оваа споредба, Тој им објасни дека семето е Божјото Слово, додека почвите се различните видови на луѓе, кои по различен начин реагираат на Божјото Слово.

**Тврдата почва**, покрај патот, ги претставува оние луѓе што ја слушаат Божјата порака, но ја презираат и отфрлаат; тоа се луѓе со стврднато срце. Тие дозволуваат ѓаволот да ги убеди дека ним не им треба Бог, не им треба Спасител, дека не постои Суд Божји и затоа продолжуваат да си живеат грешно и безбожно.

**Каменестата почва** ги претставува луѓето што ја слушаат Божјата порака и со задоволство ја прифаќаат, но таа не се вкоренува во нив, па тие остануваат верници само за кратко. Штом ќе настапи време на неволји, тие отпаѓаат. Тие лесно се откажуваат од Христос.

**Трнливата почва** ги претставува оние луѓе кои ја слушаат Божјата порака, но прекумерната световна грижа за овој живот како и занесот по збогатување и уживање ја задушуваат пораката во нив и тие не донесуваат зрели плодови. Тоа се луѓе кои се нарекуваат христијани, но повеќе им се важни богатствата на овој свет, отколку да Му бидат угодни на Христос.

**Плодната почва** ги претставува оние што ја слушаат пораката и ја одгледуваат во благородно и послушно срце и истрајуваат сѐ додека не донесат плод. Тоа се оние христијани кои секојдневно се поучуваат од Библијата, го спроведуваат Божјиот Збор во нивниот живот и се раководат од Духот Свети, Кој живее во нив. Нивниот (духовен) плод е препознатлив: тие изобилуваат со љубов, радост, мир, долготрпение, љубезност, добрина...

Прашањето за тебе е **„која од овие почви си ти?“**

- Дали си човек кој го отфрла Божјиот збор, убеден дека можеш да живееш како што сакаш и дека немаш потреба од Спасител?
- Дали си човек кој на христијанството гледа како на некоја мода, па штом ти дојде тешко, продолжуваш да си живееш по старо?
- Дали си човек кој сака да се нарекува христијанин, но постојано си наоѓаш некои изговори, проблеми, обврски, за да не припаѓаш целосно на Христос и Тој никогаш да не ти е на прво место?
- А можеби сепак си некој што си го примил словото длабоко во себе и не сакаш да се одделуваш од Бог, ниту еден ден?



**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**